Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 27.06.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2909 | 1 | |

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

**2. Субјекти на надзорот:** издавачите на печатени медиуми Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на весникот „Нова Македонија“, Друштво за издавање и маркетинг АДРИА МЕДИА БАЛКАН ДОО Скопје, издавач на весникот „Слободен печат“, Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Вечер“, Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје, издавач на весникот „Коха“, Трговско друштво за новинско издавачка дејност, трговија, производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на весникот „Капитал“, Друштво за новинско издавачка дејност МЕДИА ПЛУС ФОКУС ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Фокус“, Друштво за новинско издавачка дејност ПРВА РЕПУБЛИКА ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Република“, Друштво со ограничена одговорност за новинарство и издаваштво БИТОЛСКИ ВЕСНИК Битола ДОО, издавач на весникот „Битолски весник“, Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДОО Скопје, издавач на магазините „Испрати рецепт“, „Торти и колачи“, „Бабина кујна“, „Лековити билки“, „Руски доктор“ и „ХроноГотвач“, Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазините „Unique“ и „Auto Focus“, Друштво за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на магазинот „Авто плус“, Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на весникот „Јени Балкан“, Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Лајм“, Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Економија и бизнис“, Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало ЗАМАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на весникот „Заман“ и на магазинот „Заман шќип“, Друштво за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Портрет“, Друштво за издавање на електронски публикации, услуги, трговија и промет СПОРТМЕДИА ПРЕСС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на весникот „Македонски спорт“, Друштво за производство, трговија, услуги и маркетинг МЕД ФОКУС ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Храна и вино“, Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на магазинот „Убавина и здравје“, Друштво за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје, издавач на магазинот „Порта 3“ и Друштво за графички услуги и трговија АРС ЛАМИНА ДОО Скопје, издавач на магазинот „Мини Либи“, и тоа:

**2.1.** изданијата од 16 јуни 2017 година на дневните весници „Нова Македонија" бр.24072, „Слободен печат" бр.1091, „Вечер" бр.16472, „Коха" бр.3101 и „Лајм" бр.3318;

**2.2.** изданието од 19 јуни на днвниот весник „Македонски спорт" бр.5762;

**2.3.** изданијата од 16 јуни 2017 година на неделните весници „Капитал" бр.920, „Фокус" бр.1132 и „Република" бр.250;

**2.4.** изданието од 14 јуни 2017 година на неделниот весник „Битолски весник" бр.2715;

**2.5.** изданието од 6-12 јуни 2017 година на неделниот весник „Заман" бр.1091;

**2.6.** изданието од 12 јуни 2017 година на неделниот весник „Јени Балкан" бр.666;

**2.7.** изданијата за месец јуни 2017 година на магазините „Лековити билки" бр.26, „Руски доктор" бр.15, „Unique" бр.90, „Auto focus" бр.117, „Авто плус" бр.272, „Економија и бизнис" бр.228, „Портрет" бр.19, „Храна и вино" бр.153 и „Убавина и здравје" бр.108;

**2.8.** изданието за месеците април и мај 2017 година на магазинот „ХроноГотвач" бр.7;

**2.9.** изданието за месеците мај и јуни 2017 година на магазинот „Испрати рецепт" бр.72;

**2.10.** изданијата за месеците јуни и јули 2017 година на магазините „Бабина кујна" бр.23 и „Торти и колачи" бр.32;

**2.11.** изданијата за месец мај 2017 година на магазините „Заман шќип" бр.137 и „Порта 3" бр.256 и

**2.12.** изданието за јуни-август 2017 година на магазинот „Мини Либи" бр.3.

**3. Датум на извршување на надзорот:** 27-ми јуни 2017 година

**4. Предмет на надзорот:** Надзорот се врши со цел да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

**5. Констатации од надзорот:**

**5.1.** Со надзорот е констатирано дека обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми е <u>**во целост исполнета**</u> кај 25 печатени медиуми, и тоа кај: изданијата од 16 јуни 2017 година на дневните весници „Нова Македонија" бр.24072, „Слободен печат" бр.1091, „Вечер" бр.16472, „Коха" бр.3101 и „Лајм" бр.3318; изданието од 19 јуни на днвниот весник „Македонски спорт" бр.5762; изданијата од 16 јуни 2017 година на неделните весници „Фокус" бр.1132 и „Република" бр.250; изданието од 14 јуни 2017 година на неделниот весник „Битолски весник" бр.2715; изданието од 6-12 јуни 2017 година на неделниот весник „Заман" бр.1091; изданието од 12 јуни 2017 година на неделниот весник „Јени Балкан" бр.666; изданијата за месец јуни 2017 година на магазините „Лековити билки" бр.26, „Руски доктор" бр.15, „Unique" бр.90, „Auto focus" бр.117, „Авто плус" бр.272, „Економија и бизнис" бр.228, „Портрет" бр.19, „Храна и вино" бр.153 и „Убавина и здравје" бр.108; изданието за месеците април и мај 2017 година на магазинот „ХроноГотвач" бр.7; изданието за месеците мај и јуни 2017 година на

магазинот „Испрати рецепт“ бр.72; изданијата за месеците јуни и јули 2017 година на магазините „Бабина кујна“ бр.23 и „Торти и колачи“ бр.32 и изданието за месец мај 2017 година на магазинот „Заман шќип“ бр.137.

**5.2.** Во следните три печатени медиуми обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми е **самo делумно исполнета**:

| печатен медиум | издавач на печатен медиум | назив и адреса на седиштето на издавачот на медиум | адреса на седиштето на уредништвото | име на одговорното лице на издавачот на медиум | име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото | назив на печатницата | адреса на печатницата | датум на печатење или препечатување | број на печатени примероци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| „Капитал“ | Трговско друштво за новинско издавачка дејност, трговија, производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје | √ | √ | √ | √ | √ | x | √ | √ |
| „Порта 3“ | Друштво за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје | √ | x | √ | √ | √ | x | x | x |
| „Мини Либи“ | Друштво за графички услуги и трговија АРС ЛАМИНА ДОО Скопје | нема адреса | x | x | √ | √ | x | x | √ |

Предлог – мерките за издавачите на печатените медиуми кои не ја исполнија во целост обврската се дадени во посебните извештаи кои се доставуваат во прилог на овој извештај.

*Сектор за стратешко планирање и авторски права*